Бр./Nr 12-1803/4
22-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1803/1 од 20.06.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето проф. д-р ----, поранешен ректор на Универзитетот ----,**СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1803/1 од 20.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.06.2025 година, поднесена е пријава против лицето проф. д-р ----, поранешен ректор на Универзитетот ---- и оформен е предмет бр. 12-1803/1 од 20.06.2025 година.

Подносителот на пријавата навел дека постоела можност да пријавеното лице извршило злоупотреба на службена должност за време на неговото ректорување со Универзитетот ---- (понатаму: Универзитет), на начин што ја користел службената кола за лични и приватни цели. Дополнително, за службеното возило било платено паркинг место во град ----, без соодветна правна основа, на начин спротивен на Законот за јавен сектор и интерните финансиски протоколи на факултетот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Универзитетот.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Универзитетот, со допис –Одговор бр. ---- од 14.08.2025 година, ја известил ДКСК дека со пријавеното лице бил склучен Договор за уредување на должности и права од работен однос бр. ---- од 05.04.2022 година, каде во член 7 од истиот биле уредени трошоците кои се покриваат за извршувањето на функцијата ректор на Универзитетот. Врз основа на акт на Универзитетот со бр. ---- од 27.11.2023 година, се овластува Ректорот да управува службеното возило марка ---- со рег. ознака --------, во земјата и во странство за службени потреби. Универзитетот донел и Решение бр. ---- 24.01.2023 година и бр. ---- од 28.12.2023 година со кои на ректорот му била одобрена годишна паркинг карта во ---- со цел паркирање на горенаведеното службено возило. Истото возило било користено исклучиво за целта за кое било доделено, при што трошоците за паркинг карта биле во функција на користењето на службеното патничко моторно возило, сето ова согласно со горенаведените акти на Универзитетот.

*Според член 7 став 3 од Договорот за уредување на должности и права од работен однос бр. ----од 05.04.2022 година, склучен помеѓу Универзитетот и ректорот, работодавачот ќе му додели на ректорот автомобил за користење за службени потреби, доколку ректорот тоа го побара, а согласно Правилата за користење на службено возило. Трошоците за гориво, одржување, осигурување и останати трошоци поврзани со користењето на автомобилот ги поднесува и подмирува работодавачот.*
*Согласно членот 1 од Решението бр. ----од 28.12.2023 година, на пријавеното лице, ректор на Универзитетот, му се одобрува плаќање на годишна паркинг карта во*

*----, со цел паркирање на службеното моторно возило, марка ----, со рег. таблички ----.*

Видно од одговорот доставен на увид од страна на Универзитетот, како и погорецитираните правни акти, произлегува дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека пријавеното лице за време на извршувањето на функцијата ректор на Универзитетот, имал право да користи службено возило, за коешто од страна на Универзитетот исто така било одобрено плаќање на годишна паркинг карта.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник

Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: Б.Џ Член на ДКСК